# Вести од светот
## ЗА МЛАДИ И ВОЗРАСНИ

2019 • **ПРВО ТРИМЕСЕЧЈЕ** • ЈУЖНОАФРИКАНСКА ИНДИСКООКЕАНСКА ДИВИЗИЈА





www.AdventistMission.org

# Содржина

**Насловната страна:** Осумгодишниот Летабо Масиење ја убедил мајка си да дојде во сабота во црква бидејќи учел во Адвентистичкото училиште во Боцвана. Прочитајте го искуството на страна 6.


БОЦВАНА

4 Запрен со хеликоптер / 5 јануари

6 „Мамо, те молам дојди!“ / 12 јануари

МОЗАМБИК

8 Надвор од темнината / 19 јануари

10 Да најдам Црква што ја празнува саботата / 26 јануари

12 Вооружен со Библијата / 2 февруари

САО ТОМЕ И ПРИНЦИПЕ

14 Загрижувачки соништа / 9 февруари T

16 Човекот и неговите три жени / 16 февруари

18 Ризикувам се поради саботата / 23 февруари

20 Да се падне за Исус / 2 март

22 Тешкотии поради свинското месо / 9 март

24 Тајно пријателство / 16 март

АНГОЛА

26 Спасување на Ангола / 23 март

ЗИМБАБВЕ

28 Програма на 13-тата сабота: Протерување на демоните / 30 март

35 Идни проекти 13 Сабота

36 Мапи


T = *Стории кои се посебно интересни за тинејџерите*

# Нашите дарови на дело





Пред три години, дел од даровите на 13-тата сабота беше употребен за изградба на Адвентистичкото основно училиште „Источна капија“ во Францистаун во Боцвана. Искуството можете да го пронајдете на 6-7 страница од вашето списание.


© 2018 General Conference of Seventh-day Adventists® • All rights reserved



12501 Old Columbia Pike, Silver Spring, MD 20904-6601
1-800-648-5824 • AdventistMission.org

## Драг водачу на саботната школа,

Ова тримесечје ќе ви ја претставиме Јужноафриканската Индиско-океанска дивизија ЈАИОД), која го опфаќа дејствувањето на Христијанската адвентистичка црква во Ангола, Боцвана, Малави, Мозамбик, Сао Томе и Принципе, Јужноафриканската република, Замбија, Зимбабве и на седум островски држави во Индискиот океан: Коморските острови, Мадагаскар, Маврициус, Мајота, Реинион, Родригеа и Сејшелските острови.

Во оваа област живеат 193 милиони луѓе, од кои 3,7 милиони христијани адвентисти, што претставува однос од еден адвентист на секоја 51 личност.

Проектите на 13-тата сабота во ова тримесечје ќе бидат наменети за двете земји од португалското говорно подрачје, кои се наоѓаат на спротивните страни на континентот, Мозамбик и Сао Томе и Принципе.

Во Мозамбик ќе биде изградено училиште и дом за напуштени деца. Дел од даровите ќе се употребат и за проширување на најпопуларниот отсек на адвентистичкиот универзитет, за исхрана и нутриционизам. Од 350 студенти, само 250 имаат оброци. Исто така забележав дека училниците и лабораториите не се доволно пространи.

Во Сао Томе и Принципе слушнав многу приказни за луѓето кои се борат со алкохолот и зависностите од дрога. Се планира да се изгради рехабилитационен центар, чии простории ќе бидат употребени и за центар на влијание во главниот град на оваа

### Можности

Даровите на 13-тата сабота од ова тримесечје ќе бидат употребени за: изградба или проширување во две држави:

1 МОЗАМБИК
- Да се прошири одделението за исхрана и нутриционизам на адвентистичкиот универзитет Беира.
- Да се изгради дом за напуштени деца чии родители умреле од вирусот на сида во Нампули.
- Да се изгради основно училиште во местото Миланге.

2 САО ТОМЕ И ПРИНЦИПЕ
- Да се изгради Центар за рехабилитација на зависниците од алкохол и дрога.
- Да се изгради нова црковна зграда.
- Да се изгради аудиториум во дванаесетгодишното училиште.

3
- Детски проект: Библии на португалски јазик за децата од сиромашните семејства во Мозамбик и Сао Томе и Принципе.

островска држава. Имаме неколку десетина цркви на островот, но повеќето верници се собираат во пренатрупаните подруми. Водачите на локалните цркви ми укажаа дека изградбата на нови црковни згради е неопходна со цел да се допре до луѓето од средната класа во оваа островска држава.

Детскиот проект е посебно интересен. Запознав едно момче кое ја сака Библијата и секој ден со голем интерес ја чита во училиштето. Со тажен поглед ми кажа дека би сакал да има своја Библија, која ќе може да ја чита и дома. Ова тримесечје можеме да направиме илјада деца да имаат своја Библија.

**ПОСЕБНИ ОБЕЛЕЖЈА**

Ако сакате својата саботна школа да ја направите поинтересна, можете да го преземете Мисионското списание во PDF верзија од линкот: bit.ly/adultmission или да читате на Фејсбук. Посетете ја и ставете Ми се допаѓа на нашата фејсбук страница:
Facebook.com/missionquartelies.

Искористете ги предностите на мисионските приказни во видео запис, кои изнесуваат искуства на луѓе ширум светот, со посебен фокус на приматели на мисионските дарови на 13 сабота. Ако сакате, можете да добиете опис на секој видео клип и линк на интернет, за да можете да преземете апликација, или да гледате видео клипови онлајн.

Ние секоја седмица поставуваме дополнителни слики и занимливости кои можете да ги преземате и да ги прикажувате во своето одделение на компјутерот или на мобилниот телефон, додека читате мисионерски статии, или можете да ги испечатите и со сликите да ја украсите просторијата на саботната школа или својата саботно-школска табла.

**Дополнителни информации и активности:** Во одделот ИЗВОРИ, можете да најдете неколку вебсајтови кои можат да ви помогнат, како и дополнителен материјал за вашите мисионски презентации. За дополнителни информации можете и директно да ме контактирате: mcchesneya@gc.adventist.org

Ви благодарам што помагате членовите на вашата саботношколска класа да се запознаат со своите духовни браќа и сестри насекаде во светот, и што ги охрабрувате да учествуваат во мисионството на црквата преку своите дарувања.

Од срце ви посакувам изобилни Божји благослови!



*Ендрју Мекчизни*
*Уредник на списанието*



# СОПРЕН ОД ХЕЛИКОПТЕР

Боцвана / 5 јануари 2019

Кенаопе Кенаопе, 50

Кенаопе, водачот на адвентистичката црква во Боцвана, не размислувал многу кога полицискиот хеликоптер прелетал во низок лет додека возел меѓу двата најголеми градови во државата.

Но, хеликоптерот уште еднаш прелетал над неговата кола, сега уште пониско од првиот пат. Кенаопе си помислил дека полицијата можеби е во потрага по некој криминалец, можеби го бара оној човек што пешачеше по патот, покрај кој поминал пред неколку минути.

А потоа, хеликоптерот се подигнал на поголема висина и отишол неколку стотини метри пред неговата кола, потоа полека се спуштил на патот и почекал Кенаопе да се приближи со својата кола. Срцето на Кенаопе забрзано чукало. Елисата на хеликоптерот се смирувала, правејќи вител кој носел прашина и трева.

Неколку моменти подоцна елисата престанала да се врти, а Кенаопе излегол од својата кола. Кога во Боцвана ќе ве застане полиција, од вас се очекува да му пријдете на полицаецот. Кенаопе, во костум со машна (бидејќи претходно присуствувал на црковниот состанок) полека се приближувал кон полицискиот хеликоптер. Никогаш порано не го сопрел хеликоптер и не знаел што да очекува. Не знаел дали треба да почека или да тргне кон хеликоптерот. Двајца полицајци излегле од кабината и му покажале да пријде на тревнатиот дел покрај патот.

Му се обратиле: „Господине, ве застанавме, затоа што...“

Кенаопе не знаел што да каже. Устата му била сува, но некако успеал да изговори: „Поради што?

„Ве застанавме поради пречекорување на брзината со која возевте“, рекол еден од полицајците.

**Возел премногу брзо**

Полицаецот ја зборувал вистината. Кенаопе тргнал од Францистаун на север од Боцвана за да дојде во главниот град Габороне, кој се наоѓал на југот од државата, оддалечен 435км. Тој во Францистаун присуствувал на црковниот состанок по повод отворањето на првото основно училиште во северниот дел на Боцвана. Сакал побрзо да се врати дома, во главниот град и затоа ја наместил автоматската контрола на автомобилот на 150 km/h, што било 30km/h повеќе од дозволеното.

Кенаопе на полицаецот му ја подал возачката дозвола. Почувствувал длабок срам. Колите застанувале од двете страни на патот, а луѓето гледале што се случува. Кенаопе забележал насмевка на вториот полицаец. Изгледало како да го препознал, можеби од неговите повремени емисии на националната телевизија или на популарните семинари што ги држел во полициската академија.

Првиот полицаец му се обратил: „Каде одите"?

„Во Габороне", одговорил.

„Возете внимателно! Можете да одите", рекол враќајќи му ја возачката дозвола.

Кенаопе не можел да им поверува на своите уши.

Полицајците се свртеле и погледнале кон колата на Кенаопе која станала сета нечиста од прашината и тревата што ги расфрлал вртежот на елисата на хеликоптерот.

„Простете што ви ја извалкавме колата", рекол тој.

**Слатко проштавање**

Кенаопе во исто време чувствувал и срам и олеснување. Бил слободен.

Во тој момент ја почувствувал вредноста на проштавањето. Тогаш сфатил дека проштавањето што Бог ни го подарува често гоземаме здраво за готово.

„Како што јас добив простување од полицајците и како што сакам Бог мене да ми помогне, и јас да можам да им простам на другите луѓе", рекол Кенаопе.

Да бидеш сопрен од страна на полициски хеликоптер поради брзо возење, не е честа појава во Боцвана. Но, уште поретка појава е да

се биде сопрен на таков начин а потоа да те пуштат без никаква казна.

„Ме бркаа по патот, го спуштија хеликоптерот, а потоа ме пуштија слободно да си продолжам по патот. Тоа беше целосно трошење на нивното време и енергија“, смета Кенаопе, претседателот на Боцванската унија на Христијанската адвентистичка црква.

„Тоа што ме застанаа на ваков начин, за мене беше големо изненадување. Уште поголемо изненадување за мене беше и тоа што ме пуштија без никаква казна“.

Кенаопе го раскажува ова свое искуство: Кога го возел главниот уредник на списанието на Адвентистичката црква, од Францистаун до Габороне, полицискиот хеликоптер повторно прелетал над нивните глави во потера по некој друг.

„Кога ќе го слушнам звукот на хеликоптерот, станувам нервозен, ја проверувам брзината со која се движам и се надевам дека не доаѓа поради мене. А потоа, се потсетувам на слаткото простување и продолжувам одговорно да возам, не повторувајќи ја истата грешка“.

Даровите на 13-тата сабота во ова тримесечје ќе бидат употребени за отворање на „Источна капија“, адвентистичко основно училиште во Францистаун, една година пред планираното. Ова е прво адвентистичко училиште во северниот дел на Боцвана, а вкупно трето со уште две средни училишта во оваа држава. Ви благодариме што со своите дарови го помагате мисионското дело на Христијанската адвентистичка црква.

## Во врска со искуството

1 - Можете да погледнете фотографии од Кенаопе на линкот: bit.ly/Kenaope-Kenaope.

2 - Сликите поврзани со ова искуство можете да ги пронајдете на линкот: bit.ly/fb-mq.

## Мисионски информации

1 Првото адвентистичко училиште во Боцвана е отворено во малото село Рамокгонаме во 1962 година. Селото се наоѓа на 65 км од Палапјеа, најблискиот град.

2 2. Во Боцвана има 228 цркви со 44.554 верници. На популација од 2.226.000 луѓе тоа претставува однос од 1 адвентист на 50 илјади.



# „МАМО, ТЕ МОЛАМ ДОЈДИ“

Боцвана / 12 јануари 2019

Летабо Масиење, 8

Во домот на едно семејство во Боцвана се случиле големи промени од моментот кога мајката го испратила својот осумгодишен син во основното училиште на Христијанската адвентистичка црква во Францистаун.

Момчето Летабо, сега инсистира неговите родители да се молат пред своите оброци. Тој се моли наутро, кога ќе стане од својот кревет, и навечер пред да си легне. Тој копнее неговата мајка да оди заедно со него во црква во сабота.

Оваа негова иницијатива најпрво ја изненадила неговата мајка Гомолемо, која не била воспитувана во христијански дом. Но, била среќна и благодарна на Бога што нејзините деца и неа ги довел на ова место. Таа тоа го изјавила по саботното богослужение, кое било одржано во основното училиште „Источна капија“, во кое нејзиниот син оди во трето одделение. Нејзината помала ќерка оди во црковната предучилишна установа „Место за љубов“.

**Како оваа мајка дошла до црквата?**

Летабо, првите три одделенија ги завршил во приватно домашно училиште, со десет други деца во Францистаун, вториот град по големина кој има околу 90.000 жители.

Но, по три години, Летабо и понатаму се мачел со читањето и математиката, што ја загрижило неговата мајка, која одлучила да го запише во адвентистичкото основно училиште. За тоа училиште дознала од друга мајка, која планирала таму да ја испрати својата ќерка. Исто така, посакувала нејзиниот син да го запознае Бога.

„Јас не сум одгледана во христијански дом, но сакам моите деца да добијат христијанско воспитание. Многу настани се одвиваат во

светот. Потребно е да го запознаеме Бога“.

Поради лошото читање и математиката, на Летабо му било советувано да го повторува третото одделение. За само неколку месеци, колку што учел во адвентистичкото училиште, неговата мајка забележала голем напредок во неговото учење.

„Сега, мојот син, може сè сам да направи. Тој сега убаво чита, а математиката добро му оди. Математиката и Библијата се неговите најомилени предмети“. Кога во училиштето ќе слушне некоја приказна од Библијата за Исус, солзи му доаѓаат на очите.

„Бог му е многу близок на ова дете. Тој често се моли, и нè охрабрува. Секоја сабота со својата сестра оди в црква. Јас често ги носам, а тој тогаш ми вели: ‘Мамо, и ти треба да дојдеш во црква’.“

Летабо одлучил да се моли за својата мајка. Веќе четири месеци страдала од утрински мачнини и често повраќала. Од својот учител во училиштето побарал заедно да се молат за неговата мајка.

Кога си дошол дома ѝ рекол на мајка си: „Мамо, треба да дојдеш во црква за пасторот да се помоли за тебе за да оздравиш“.

„Овие негови зборови ме трогнаа“, рекла мајката.

Конечно одлучила да дојде во црква. Но, кога дошла сабота, не се чувствувала добро. Црковниот службеник дошол до нивната куќа по децата. Пред да тргнат, Летабо се свртел кон својата мајка и рекол: „Мамо, те молам дојди со нас? Зошто секогаш остануваш? Само дојди. Ако дојдеш во црквата пасторот ќе се помоли за тебе, а ти ќе бидеш излекувана“.

Овие зборови длабоко допреле до срцето на мајката.

„Наредната сабота, ќе одиме сите заедно в црква“, ветила таа.

Така оваа мајка отишла во училиштето во сабота.

„Мојот син го сака Бога. Тоа е многу добро. Сметам дека Бог го употреби за да внесе светлина во нашиот живот“.

Таа сабота за прв пат во четири месеци не чувствувала утринска мачнина. Тоа подобрување не поминало незабележано кај нејзиниот син, кој стоел покрај неа додека таа зборувала.

„Бог преку молитвата направи да престанеш да повраќаш“, рекол синот.

„Ти благодарам малечок мој. Ќе продолжам да доаѓам в црква“, одговорила.

## Во врска со искуството

1 Погледнете за Летабо и Гомолено на линкот: bit.ly/Gomoleno-Masienyne

2 - Сликите поврзани со оваа приказна можете да ги пронајдете на линкот: bit.ly/fb-mq.

## Мисионски информации

1 Адвентистичката болница Кање има 168 кревети и годишно обезбедува медицинска нега за 40.000 пациенти кои лежеле таму, како и 108.000 пациенти кои биле клинички лечени. Во оваа болница годишно се раѓаат околу 1200 бебиња.

2 Во 1984 година Унијата на Христијанската адвентистичка црква во Боцвана била поделена на две области – Северна област и Јужна област Боцвана.

Дел од даровите на 13-тата сабота од 2015 година биле употребени за изградба на основното училиште „Источна капија", првото адвентистичко основно училиште во северна Боцвана.

Ви благодарам на мисионските дарувања кои помогнаа да се изгради училиштето и кои ја доведоа мајката на ова момче во црква.

„Благодарна сум му на Бога за постоењето на ова училиште. Сакам Бог да им обезбеди сѐ што им е потребно".



# НАДВОР ОД ТЕМНИНАТА

**Мозамбик / 19 јануари 2019**

**Атица Цамал Каминете, 57**

За адвентистичката црква Атица разбрала кога имала осум години, додека била во посета на својата баба, во селото оддалечено од својот дом во Нампули, главниот град на Мозамбик, во кое 80% од населението е од исламска вероисповед.

Старешината на црквата ја запрел додека поминувала покрај црквата и ја повикал да влезе внатре на бесплатен оброк. По јадењето, ѝ упатил покана да остане на богослужението. Атица и ден-денес се сеќава на тоа богослужение, кога проповедникот зборувал за стиховите од Евангелието според Матеј 24 глава, опишувајќи како Ис-

ус ќе воскресне од мртвите и како ќе дојде по втор пат. Младото срце на Атица било трогнато.

Еден месец пред тоа, нејзината помлада сестра, четиригодишната Мунача, умрела од анемија.

„Слушајќи ја проповедта на пасторот, поверував дека повторно ќе ја видам својата сестра“.

По седум години, кога наполнила 15 години, се омажила за човек кој бил одгледуван во христијански дом во кој се празнувала неделата, но тој одел во адвентистичката црква во Нампули.

Една сабота ја прифатила неговата понуда да дојде во црква. Дошла на почетокот од саботната школа, токму кога се пеела песната „Кога ќе се слушне гласот на трубата“. Атица внимателно ја слушала песната, обраќајќи посебно внимание на малото шестгодишно девојче кое стоело близу до неа и кое со чист детски глас пеело од срце.

Бев трогната кога го слушнав нејзиниот глас. Почувствував дека во моето срце се случува нешто“.

Од тој ден одлучила да доаѓа во адвентистичката црква.

Во северниот дел на Мозамбик, традицијата налага, пред да донесете некоја важна одлука, да поразговарате со постарите членови на семејството. Поради тоа, Атица заедно со нејзиниот сопруг отишла кај својата тетка Кармен. Таа била личноста што ја одгледала, а се занимавала со гатање.

Тетка Кармен ја сослушала молбата на Атице да стане адвентист и рекла. „Оди и за тоа разговарај со мајка ти“.

Мајката на Атице, вдовица, ѝ рекла: „Јас не те одгледав, оди и поразговарај со својот вујко“.

Вујкото Кандидо одбил да го даде своето одобрение, и ѝ рекол дека ако се крсти никогаш повеќе не сака да ја види.

Овие зборови ја уплашиле Атица, но таа и понатаму сакала да се крсти. Нејзниот сопруг и таа биле крстени истиот ден. Никој од нејзиното семејство не бил присутен на крштавањето.

Во меѓувреме, Атица се породила и родила син, Дионисиј, кој сериозно се разболел. Атица не сакала да го однесе кај тетка си или кај некој друг бајач-исцелител.

Една вечер, вујкото Кандидо дошол на нејзината врата носејќи копје. „Чекам ова дете да умре. А кога ќе умре, ќе ти го прободам вратот со ова копје.

Поминале два дена, бебето одбивало да јаде и станувало сè послабо. Атица и нејзиниот сопруг се молеле за исцелување. Третиот

ден бебето почнало да цица млеко, а подоцна болничките испитувања покажале дека сè ќе биде во ред.

Вујкото се вратил во својот дом враќајќи го своето копје.

„Видовме дека ѓаволот беше поразен. Мојот син беше мошне болен и беше толку близу до смртта, но со Божествената милост, преживеа“.

Ова исцеливање ја восхитило една од сестрите на Атица, која тогаш одлучила да почне да доаѓа во Адвентистичката црква. Една година подоцна, братот на Атице и другата сестра биле крстени. Подоцна се крстила и нејзината мајка, а набргу била крстена и тетка ѝ.

„На денот на крштавањето таа беше нурната три пати во водата“, вели Атица.

Кога излегла првиот пат од водата, извикувала зборови кои никој не можел да ги разбере. Погледнувајќи ја, пасторот ѝ рекол: „Ајде да те крстам повторно“.

Кога излегла од водата и по втор пат таа продолжила да извикува неразбирливи зборови. По третото нурнување лошиот дух ја напуштил.

Тетка Кармен сега е ѓакон во црквата. Вујкото Кандидо, кој изјавил дека, ако таа се крсти, не сака повеќе да ја види, дошол во нејзиниот дом по крштавањето на својата жена. Изјавил дека и тој сака да биде крстен. Умрел една година по своето крштавање.

„Сите во моето семејство го предадоа својот живот во Христови раце и сега се верници на Црквата. Го прославувам Бога поради Неговата неизмерна љубов и милост. Некогаш целото семејство беше против мене, сметајќи дека грешам во мојата намера да станам верничка на Адвентистичката црква, а сега и самите се верници на Црквата“.

Денес, Атица има 57 години, таа е сопруга на пастор и активен верник. Нејзиниот сопруг Лазаро, завршил пасторални студии и служи како пастор во Нампули.

Дел од даровите на 13-тата сабота во ова тримесечје ќе бидат употребени за изградба на дом за напуштени деца, чии родителе умреле од вирусот Хив, во Нампули.

Ви благодариме за мисионските дарувања.

Ученикот во средно училиште Ивалдо сакал да стане свештеник.

## Во врска со искуството

1 - За Атиџа погледнете на линкот: bit.ly/Atija-Caminete.

2 - Пронајдете слики во врска со оваа приказна на линкот: bit.ly?fb-mq

## Мисионски информации

1 Црковната издавачка куќа Casa Publicadorado Indico, дејствува во Мапути, главниот град на Мозамбик.

2 Во 1937 година, 1500 луѓе присуствувале на првиот евангелски камп. Биле срамежливи и се сомневале, но слушале. Сепак, кога Вебстер се обидел да ги фотографира, се разбегале наоколу во грмушките. 1939 година биле крстени првите обратеници.



# Да ја пронајдам црквата што ја празнува саботата

**Мозамбик, 26 јануари 2019**

**Ивалдо да Консеисао, 23**

Го проучувал католичкиот катехизис и на тоа ги поучувал и другите со својата црква во градот Нампули, третиот град по големина во Мозамбик, со популација од 500.000 жители. Се подготвувал да се пресели во главниот град Мапут, за да ја продолжи својата обука за свештеничка служба.

Една недела го споредувал католичкиот катехизис со Библијата, подготвувајќи предавање за Десетте заповеди. Тогаш увидел дека библиските учења се многу поинакви.

Го замолил постариот свештеник да му ги објасни овие разлики, но свештникот не можел да одговори.

Во средното училиште, Ивалдо основал група од 30 ученици кои биле повикани да ги пребројат разликите меѓу Библијата и црковните учења. Работата на овие ученици го вознемирила бискупот, кој

изјавил дека нивното истражување е грешно и дека треба да се исповедат за своите гревови или да ризикуваат да бидат исклучени од црквата.

„Своите гревови ќе ги исповедаме само на Бога“, одговориле учениците.

Затоа бискупот ги исклучил учениците од Црквата.

Оваа група ученици прочитала во Библијата дека вистинските христијани го празнувале седмиот ден. Размислувале што да направат, бидејќи не познавале никој кој ја празнува саботата во Нампули, на крај, групата се поделила – некои ученици отишле во евангелската црква, а други преминале во исламот.

Бидејќи родителите на Ивалдо биле влијателни во својата црква, издејствувале одобрение Ивалдо да се врати, под услов да не може да стане свештеник.

Една недела Ивалдо зборувал за саботата, кога една жена му пристапила и му рекла: „Постои Црква во Нампули што ја празнува саботата“.

Со голема возбуда ги повикал своите триесет пријатели за да им ја каже веста. Но, мнозумина од нив повеќе не биле заинтересирани.

Првата сабота, Ивалдо и тројца негови другари отишле во адвентистичката црква.

Пет месеци подоцна, Ивалдо бил крстен. Кога на родителите им кажал за својата одлука, мајка му изјавила дека таа веќе знае.

„Забележав дека твоето однесување многу се промени. Почна често да зборуваш за Библијата“, рече. Татко ти е лут, и се закани дека ќе те исфрли од дома и дека ќе се откаже од тебе. Ако следната сабота отидеш во адвентистичката црква, ќе ги исфрли сите твои работи од дома“, така кажа.

Без оглед на сѐ, наредната сабота Ивалдо отишол во црква. Татко му го исфрлил од дома. Меѓутоа, неговата мајка го убедила татко му да се смири и да дозволи Ивалдо да остане дома.

Таткото одбивал да му ја даде својата поддршка. Не сакал повеќе да ги плаќа неговите трошоци за училиштето.

„Повеќе нема да потрошам ниту паричка за тебе, освен што ќе ти купам ковчег за погреб“, зборувал тој.

Ивалдо добивал храна од мајка си, а верниците во Црквата му давале пари за школарината и за останатите трошоци.

Увидувајќи дека Ивалдо напредува, татко му уште повеќе се разлутил. На сите соседи почнал да им зборува дека неговиот син има вирус на сида.

„Луѓето почнаа да ме избегнуваат. Соседите дури им забрануваа на своите деца да се разговараат со мене“. Тогаш одлучил да оди кај баба си.

Околу една година живеел со својата баба, кога добил порака од татко му, во која тој барал проштавање и промирување, повикувајќи го Ивалдо да се врати дома.

Татко му се обидувал да му помогне да се запише на универзитет. Но часовите биле во сабота и Ивалдо не сакал да оди на настава. Татко му тогаш му организирал разговор за работа во една владина агенција, но интервјуто за работа било закажано за сабота.

Татко му бил мошне лут. „Навистина не разбирам што сакаш да направиш во својот живот. Се обидувам да ти помогнам, но ти губиш безброј прилики поради саботата. Немој да очекуваш дека и понатаму ќе ти помагам“, рекол тој.

Ивалдо почнал да работи како хонорарен новинар, употребувајќи ја својата заработка да си го плати училиштето за новинарство. Работел за неколку радио и ТВ компании, но никој не сакал да го вработи со полно работно време, секако поради саботата.

Меѓутоа, Ивалдо не очајува. Десетмина млади луѓе дошле во адвентистичката црква преку неговото позитивно влијание. Покрај тоа, и неговите тројца помлади браќа почнале да доаѓаат во црква. Неговата мајка исто така сака да им се придружи, иако таткото им се заканува со развод.

„Се молам за мајка ми и се надевам дека и таа еден ден ќе стане адвентистка. Се молам татко ми барем да им дозволи на останатите членови да одат во црква“.

Дел од даровите за 13-тата сабота за ова тримесечје ќе биде употребен за изградба на дом за напуштени деца чии родители умреле од сида-вирусот, во родниот град на Ивалдо, Нампули.

Ви благодарам за вашите мисионски дарувања.

Моизес отишол во војска бидејќи не постигнал добар успех

## Во врска со искуството

1. За Ивалдо погледнете на линкот: bit.ly/Ivaldo-Nazare
2. Сликите поврзани со оваа приказна можете да ги побарате на линкот: bit.ly/fb-mq

## Брзи факти

1. Мозамбик има богати корални гребени. Во водите близу Мозамбик препознаени се повеќе од 1200 видови риба.
2. Во Мозамбик постојат 147 аеродроми, од кои само 22 имаат асфалтирана писта.



# ВООРУЖЕН СО БИБЛИЈАТА

**Мозамбик 2 февруари 2019**

**Моизес Франциско Пелембе, 32**

во училиштето. Неговиот татко сметал дека војската ќе му помогне да се откаже од употребата на алокохолот и дрогата. Кратко време по своето доаѓање во војската, Моизес го запознал адвентистот Алфредо, во воената кафетерија.

„Бев воодушевен од неговиот животен стил. Тој дури и својата храна ја делеше со мене."

Афредо водел сметка за тоа што јаде, одбивајќи да ја јаде риба за која сметал дека е нечиста. Моизес набргу сфатил дека ставот на Алфредо кон храната, значи повеќе храна за него.

„Секогаш кога имавме риба за јадење, јас седнував покрај него, бидејќи знаев дека ќе ми ја даде. Беше добар кон мене".

По две седмици, Моизес бил распореден на друга локација поради обука и стручна подготовка за воена полиција. Во спалната бил сместен покрај војникот што чувал Библија на својот кревет. Кога ќе се разбудел, ја разгледувал Библијата. Кога си легнувал, повторно ја посматрал. Ова почнало да го вознемирува. Сметал дека Библијата е само за пастори и постари лица, но не и за млади лица како овој војник.

Еден ден, Моизес го прашал војникот зошто има Библија.

„Јас сум христијанин", одговорил војникот.

„Дали веруваш во Бог", го прашал Моизес.

Војникот одговорил потврдно, цитирајќи стих од Библијата: „ Зашто Бог толку го возљуби светот, што Го даде Својот Единороден Син, та секој, кој верува во Него, да не загине, туку да има вечен живот" (Јован 3,16).

Моизес го замолил да му ја позајми Библијата. Како што читал,

така почнал се повеќе да верува. Дознавајќи за новата вест во врска со својот син, татко му бил толку воодушевен што решил да го изненади со подарок – му врачил Библија.

Кога обуката за воената полиција завршила, Моизес се вратил во својата единица на должност воен полицаец. Таму, еден војник го видел Моизес како ја чита Библијата и рекол: „Знам дека постои група војници кои ја ја проучуваат Библијата и се собираат секој ден во 18 часот. Можам да те однесам кај нив ако сакаш“.

Таа вечер, Моизес со војникот отишол на местото каде што се собирала библиската група. Забележувајќи ја неговата збунетост, војникот рекол: „Знам уште една група војници кои ја проучуваат Библијата, но тие не ми се допаѓаат. Ако сакаш, утре ќе те однесам кај нив“.

„Зошто не ти се допаѓаат“, прашал Моизес.

„Затоа што често зборуваат за мојата црква во негативен контекст“, одговорил.

Следната вечер, Моизес отишол на состанокот на другата библиска група. Бил изненаден кога слушнал дека водачот бил крстен по проучувањето на Библијата со Алфред, пријателот што му ја давал својата храна во трпезаријата.

Основа на проучувањето бил стихот од пророкот Малахија: „Смее ли човек да Му задржува на Бога? А вие Ми задржувате Мене, и прашувате: ‘ Во што Ти задржуваме?’ Во десетокот и во приносот “ (Малахија 3,8).

Моизес никогаш не давал десеток, а овие зборови од Библијата длабоко се врежале во неговото срце. Наредната вечер повторно дошол на состанокот и дознал дека саботата е седми ден – Господов ден. Таа вечер плачел во својот кревет. Војникот што спиел покрај него, го забележал и го прашал: „Кој те тепаше? Заедно ќе им вратиме“.

Но војникот не знаел нешто – Моизес не плачел затоа што бил претепан, туку затоа што Господовата реч длабоко го погодила.

Наредната Сабота, Моизес се придружил на своите нови пријатели и пешачел 14 километри до најблиската адвентистичка црква. Во црквата за прв пат го дал својот десеток. Продолжил да оди секоја сабота и набргу бил крстен кога имал 22 години, две години по пристапувањето кон војската.

Кога го завршил служењето на воениот рок, Моизес некое време работел во полицијата, но поради саботата дал отказ. Тогаш започнал нова работа, одејќи од

## Во врска со искуството

1 На португалски јазик, со кој се служи мнозинството од населението во Мозамбик, Моизес значи Мојсеј.

2 За Моизес погледнете на линкот: bit.ly/Moises-Pelembe

3 Сликите поврзани со оваа приказна можете да ги пронајдете на линкот: bit.ly/fb-mq.

## Брзи факти

1 Мапуто во Мозамбик е познат како град на багремите, поради многубројните стебла на багреми кои се наоѓаат долж авенијата на овој град.

2 Исхраната на луѓето во внатрешноста се заснова на коренот на билката маниока која може да се готви, да се суши или да се сомеле како брашно.

3 Степенот на писменоста во Мозамбил е на ниско ниво. Најновите статистики покажуваат дека меѓу возрасното население степенот на писменоста е 54%.

врата на врата како колпортер, а напоредно запишал и студии на адвентистичкиот универзитет во Мозамбик.

Денес, Моизес има 32 години и завршува трета година студии по теологија. „Татко ми ме испрати во војска со план да влијае на моето однесување. Но, сега гледам дека Бог имал поголеми планови во мојот живот. Бог сакаше да станам христијанин“.

Дел од даровите на 13-тата сабота од ова тримесечје, ќе биде употребен за проширување на адвентистичкиот универзитет на кој Моизес студира. Покрај тоа, дел од средствата ќе бидат употребени да се обезбедат Библии за деца во Мозамбик, чиишто родители немаат можности да си ги дозволат.

Ви благодарам што со своите дарови ја поддржувате мисијата на Христијанската адвентистичка црква.

Животот на Антонио бил во сосем хаотичен. За краток временски период се оженил со



# ЗАГРИЖУВАЧКИ СОНИШТА

**Сао Томе и Принципе, 9 февруари 2019**

**Антонио Жозе Абреу, 45**

својата прва девојка со која се забавувал, имал љубовна врска со друга жена и ја изгубил работата како службеник на царина во Сао Томе, главниот град на островската држава Сао Томе и Принципе на западниот брег на Африка.

Поминала една година кога се вработил со пиварата. Се обидел да се смири со сопругата, но таа одбила и се разведе.

Потоа умрел татко му.

Антонио почнал да пие. Се вселил и почнал да живее со друга жена по име Алсина, со која има две момиња и девојче.

„Животот беше сложен. Многу пиев. Никогаш немаше доволно пари за семејниот живот".

Антонио почнал да сонува необични сонови, кои никој не ги разбирал, што му го направило животот уште посложен. Во Сао Томе, луѓето им посветуваат големо внимание на соништата.

Сонот за поплавата, според нивното верување, означувал дека на повидок е некоја неволја. Сонот во кој се гледа локалното овошје сафо (Dacryodes edulis) означувал смрт на некој член од семејството.

Антонио не сонувал ниту поплава ниту овошје, туку како со ранец на грбот стои пред две скалила – едната скала била широка, а другата тесна. Сфатил дека со ранецот на грбот ќе може да се искачи само на широката скала, но, не и на тесната.

Потоа сонил друг сон. Во тој сон одел кон една врата, но одеднаш некоја жена го сопрела со голема карпа со која го блокирала влезот. Антонио не можел да ја помести карпата, но забележал дека постои тесен премин, низ кој можеби ќе успее да помине. Се провлекол и влегол во голема пештера во која се наоѓал базен со вода. Некој стоел таму, и му покажувал со раката кон водата.

По секој сон, Антонио се будел збунет. Тој не ги разбирал сонови-

те, но му изгледало дека Бог сака да му соопшти нешто.

Еден ден, Антонио работел во домот на својот газда, сопственик на пиварата, кога еден сосед го повикал да дојде на серија евангелски предавања, кои се одржувале во локалната адвентистичка црква.

Таа вечер, бил изненаден кога пасторот ги прочитал стиховите во кои Исус вели: „Влезете низ тесната врата, зашто широка е вратата и пространа е патот, што водат кон пропаст, и мнозина се, кои влегуваат низ неа. Зашто тесна е вратата и тесен е патот, што водат во живот, и малцина се кои го наоѓаат"  (Матеј 7,13.14).

Наредната вечер повторно дошол на предавањето, заинтересиран да дознае нешто повеќе.

„Продолжив да одам на предавањата. Сфатив, од сонот дека треба да се обидам на кој било начин да влезам во тесниот премин. Сфатив дека требаше да го отстранам сето она што ме спречува да тргнам по тесните скали". Разбрав дека ранецот на грбот го претставува тешкиот животен товар, кој ме кочи. Базенот со вода го претставуваше крштавањето.

„За да бидам крстен, требаше да го отфрлам сѐ она на што му робував во животот".

По библиските предавања, Антонио и неговата сопруга биле крстени, и официјално стапиле во брак.

Денес, Антонио има 45 години и работи како благајник во мала столарска работилница. Тој исто така е и ѓакон во црквата, во онаа иста црква во која дошол на серијата евангелски предавања,

За Антонио животот повеќе не е сложен.

„Среќен сум и благодарен на Бога за сѐ што ни подари".

Дел од даровите на 13-тата сабота од ова тримесечје ќе бидат употребени за изградба на рехабилитационен центар за одвикнување од дрога и алкохол, центар кој ќе биде место на влијание во Сао Томе и ќе им помага на луѓето кои, како Антонио, минуваат низ искуството од зависноста од алкохолот.

Ви благодарам што со своите дарувања го поддржувате мисионерството.

Карлос имал три жени во Сао Томе, главниот град на островска-

## Во врска со искуството

1 За Антонио погледнете го линкот: bit.ly/Antonio-Abreu

2 За Моизес погледнете на линкот: bit.ly/Moises-Pelembe

3 Слики во врска со оваа приказна ќе пронајдете на линкот:bit.lu/fb-mq.

## Брзи факти

1 Сао Томе и Принципе се состои од два вулкански острови на западниот брег на Африка во Гвинејскиот залив. Тоа е една од најмалите држави на овој континент. Сао Томе е шест пати поголем од Принципе.

2 Островот Сао Томе го добил името по Свети Тома, кога португалските морепловци се истовариле на островот на денот на овој светец.

3 Какаото е главна билка која се одгледува во оваа држава. Околу 95% од извозот на оваа држава е какаото. Другите растителни култури, кои се извезуваат се копарот, срцевината на палмата и кафето.

Кујната на Сао Томе и Принципе се заснова на тропските коренести билки, зелените банани и рибата. Зеленчукот главно се состои од автохтоните зелени билки, кои се готват во црвено палмово масло.



# ЧОВЕКОТ СО ТРИ ЖЕНИ

**Сао Томе и Принципе, 16 февруари 2019**

**Карлос Фреитас, 48**

та држава Сао Томе и Принсипе, на западот од африканскиот брег. Тој и неговите седум браќа пораснале во домот на својата баба, која била верничка на Адвентистичката црква. Кога нивната баба умрела, тој и неговите браќа престанале да одат во црква.

Кога има 21 година, Карлос почнал да живее со својата невенчана сопруга Едита, со која добил ќерка.

Но, настапила караница. На островот, постои обичај на новоро-

дените девојчиња да им се ставаат обетки, кои наводно ги штитат од зло. Иако Карлос не одел во црква, се противел на овој обичај и барал од Едита да не и ги продупчи ушите на нивната ќерка.

Додека така гласно се расправале, Едита го крстила бебето без знаење на Карлос. Кога Карлос дознал за крштевката, ја напуштил Едита и нашол друга жена, Марија.

Меѓутоа, Едита не сакала да се откаже од својата врска со Карлос. Продолжила да му се јавува по телефон.

„На тој начин завршив со две жени“.

А потоа, ја запознал и третата жена и почнал да излегува со неа. Почнале да живеат заедно и добиле дете.

Карлос имал пет деца со првата жена, четири со втората и едно дете со третата.

Додека Карлос го делел своето време во три семејства, неговата прва сопруга, чувствувајќи се осамено, почнала да се дружи со еден адвентистички брачен пар. Почнала да оди во црква и наскоро се крстила.

Во меѓувреме, Карлос работел за ТВ станицата Гласот на Америка и не се интересирал за Бога. Но, ја прифатил поканата една сабота да дојде на крштевањето на своите две ќерки.

Неговите ќерки, тинејџерки, пееле песна на црковнот подиум која го расплакала. Се сетил дека одел во црква како дете и ги криел солзите за да не видат другите луѓе како плаче. Од тој ден почнал да оди во црква со својата прва сопруга.

Кога неговата втора сопруга дознала дека оди во црква, го обвинила дека планира да ја напушти.

„Адвентистите не дозволуваат невенчани парови да живеат заедно, а тоа значи дека планираш да се венчаш со Едита“.

Карлос негирал дека оди во црква поради брак. „Отидов во црква да побарам спасение. И тебе, исто така, ти е потребно спасение. Те молам, дојди во црква со мене“.

И Марија почнала да оди во црква. Секоја Сабота, Карлос одел по својата прва сопруга и ја носел до црквата, а потоа одел по втората сопруга и ја носел во друга црква. Тој наизменично одел на богослуженија, еднаш со едната, втор пат со другата.

Некаде во тоа време, неговата трета сопруга го напуштила, и отишла да живее со друг човек. Приликите тогаш почнале да се комплицираат. Карлос размислувал со која жена да се венча.

Се молел и постел наредните два месеци секоја сабота. Чувствувал дека треба да се венча со својата прва сопруга. Но, копнеел да добие потврда од Библијата. Еден ден, се помолил и ја отворил својата Библијата: „И вие прашувате: 'Зошто?' Зашто Господ беше сведок меѓу тебе и жената на твојата младост, на која и си неверен, иако ти беше сопруга и твоја законска жена“ (Малахија 2,14).

Втората сопруга била мошне навредена од неговата одлука да го посвети својот живот на првата сопруга. Заедно плачеле, но на крајот разбрала. Карлос се венчал со Едита на 29 декември 2013 година и набргу потоа бил крстен.

„Тогаш започна мојот нов живот. Сега сум ново создание. Подготвен сум да одам каде било да сведочам по светот, за сето она што Бог го направи за мене“.

## Во врска со искуството

1 За Карлос погледнете го линкот: bit.ly/Carlos-Freitas.

2 Слики во врска со оваа приказна може да најдете на линкот: bit.ly/fb-mq

3 Во наредните седмици прочитајте ги дополнителните материјали за Карлос.

## Брзи факти

1 Адвентистите во 1936 година ја започнале својата работа на островот Сао Томе со доаѓањето на Хозе Фреира, протугалски колпортер. Својата работа ја започнал во 1938 година како мисионер, а во февруари 1939 година се објавени првите крштавања.

2 Во 1946 година отворено е основното училиште. Првата наставничка била Капитолина Граве. Училиштето го посетувале околу 250 ученици. Било затворено со одлука на власта во 1975 година.

3 Во почетокот, црковното мисионско дело било под Анголската унија, но, сега е непосредно поврзано со Јужноафриканската индискоокеанска дивизија (ЈАИОД).

Дел од даровите на 13-тата сабота од ова тримесечје ќе биде употребен за изградба на толкку неопходната црква во Сао Томе. Ви благодарам што ги приложувате своите мисионски дарови.

По крштавањето, Карлос му рекол на својот шеф дека повеќе не може да работи во сабота. Шефот, американски државјанин, љубопитно го погледнал Карлос и рекол: „Празнувањето на саботата е



# РИЗИКУВАЈЌИ СÈ ПОРАДИ САБОТАТА

**Сао Томе и Принсипе, 23 февруари 2019**

**Карлос Фреитас, 48**

старозаветен закон. Христијаните го следат Новиот завет.

Карлос си заминал дома и направил листа со стихови во кои саботата се споменува во Новиот завет. Наредниот ден му ја предал оваа листа на својот шеф и му рекол: „Саботата во Новот завет се спомнува на многу места, и треба да се празнува“.

„Дали тоа е твојата конечна одлука“, прашал шефот.

„Да, мојата одлука е да ја празнувам саботата, бидејќи сè останато би било грев“.

Шефот му ја подал раката и рекол: „Ова е прв пат некој пред мене да го изнесе прашањето за работа во сабота.“

Тоа било крај на разговорот. Шефот никогаш повеќе не побарал од Карлос да работи во сабота.

По извесно време шефот отишол на друго работно место. Карлос, татко на десет деца, работел како електричар во ТВ-компанијата Гласот на Америка. Една од неговите должности била да истовара гориво од бродот, кое било употребувано за агрегатите за струја за да не прекине работата на ТВ емитерите.

Бродот секогаш доаѓал во четврток, а Карлос и неколку негови колеги брзо го истоварале горивото и работата секогаш ја завршувале во петок.

Но, се случило бродот да простигне во петок.

Карлс не му се пожалил на својот нов шеф, државјанин на Сао Томе, кој посветено ја празнувал неделата, туку отишол кај својот менаџер, кој бил американски државјанин.

Менаџерот брзо ја одбил молбата на Карлос да ја прекине работата во 17:30 во петок.

„Но, јас имам обврска кон Бога“, рекол Карлос.

„Тоа е твоја одлука“, одговорил менаџерот.

Карлос отишол во купатилото, во кое можел на мир да се помоли. Не било едноставно да се пронајде добра работа во Сао Томе.

„Што ќе се случи со моето семејство? Што ќе им кажам“? Не сакал да биде отпуштен од работа, но повеќе од тоа сакал да го прославува Господа. Одлучил да работи до 17:30, а потоа да си замине.

Кратко време пред 17:30 вода продрела во машинското одделение на бродот. Карлос и неговите колеги се обидувале да го решат проблемот. Меѓутоа, иако правеле сѐ што можеле, состојбата станувала сѐ потешка. На крајот, луѓето го напуштиле бродот и отишле на копното каде што ги чекал менаџерот.

„Ситуацијата е навистина лоша. Нема шанси да го истовариме горивото овој викенд“, рекол еден од колегите на Карлос.

Менаџерот не изговорил ниту збор. Карлос си заминал дома за почеток на саботниот ден.

Целиот викенд стравувал поради соочувањето со менаџерот во понеделник. Се грижел дека ќе биде обвинет за поплавата во машинското одделение на бродот.

Во понеделникот менаџерот повторно не рекол ниту збор. Молчел и во вторникот и во средата. Изминала цела седмица, а тој не изустил ни збор.

А потоа, обраќајќи му се, еден од колегите му рекол на Карлос: „Дали знаеш што кажа менаџерот за бродот. Рече, дека она што се случило било водено од Божја рака“.

Карлос не можел да им поверува на своите уши. Во својата куќа, сопругата и тој му се заблагодарувале на Бога што му помогнал да ја задржи својата работа.

Неколку дена подоцна, еден друг колега изнел повеќе детали за она за што менаџерот размислувал. Се испоставило дека сакал тајно да го пушти Карлос да си оди од работа во 17:30, но машинското одделение на бродот било поплавено пред тој да има прилика да ја изјави својата одлука. Како резултат на овој инцидент, никој не работел во сабота.

Она што Карлос не го знаел, било дека општиот работник од обезбедувањето во компанијата го набљудувал веќе некое време, размислувајќи што би се случило кога и тој би се држел до своите убеду-

вања за саботата.

Кога чуварот видел како Бог интервенирал во работата со бродот, му изјавил на Карлос: „Твојот Бог е навистина голем!“

## Во врска со искуството

1. За Карлос погледнете го линкот: bit.ly/Carlos-Freitas.
2. Слики во врска со оваа приказна може да најдете на линкот: bit.ly/fb-mq
3. Повеќе информации за Карлос можете да најдете во приказната од претходната седмица.

По извесно време, овој човек почнал да доаѓа во адвентистичката црква. Карлос никогаш повеќе немал проблеми околу саботата на работа.

„Бог е добар со сите оние кои што му веруваат. Имав проблеми за кои сметав дека е невозможно да се решат. А потоа, сè беше решено без никакво мое ангажирање“, кажува Карлос.

Многу луѓе во мојата земја не ја знаат вистината за саботата. Половина од населението во државата, околу 200.000 луѓе, се од римокатоличка вероисповед. Христијанската адвентистичка црква брои 8.000 верници кои на Бога му служат во 13 цркви и 56 групи.

Карлос сака да им сведочи на луѓето за своето искуство со саботата. „Тоа сега е моја должност. Сакам да им сведочам на другите луѓе за тоа што пронајдов во Библијата. Моја желба е да ја ширам Божјата реч“.

Дел од даровите за 13-сабота од ова тримесечје ќе биде употребен за изградба на црковна зграда во Сао Томе. Ви благодарам што со своите дарувања ја поддржувате мисијата на Христијанската адвентистичка црква.

Констанцио паднал право на глава од два метри височина, пред да успее во својот живот да го остави алкохолот и да го прифати Ис-




# ДА СЕ ПАДНЕ ЗА ИСУС

**Сао Томе и Принципе, 2 март 2019**

**Констанцио Тристе Алонсо, 51**

уса.

Констанцио, земјоделец, татко на две мали деца, бил заинтригиран кога група адвентисти дошле да кампуваат во неговото планинско село во Сао Томе и Принсипе.

Уште повнимателно почнал да ги набљудува кога една жена од групата му пристапила и го прашала: „Дали забележувате дека сме малку поинакви од останатите луѓе?“

Да, забележал дека адвентистите не пијат и не пушат.

Кога камперите си заминале, сакал да дознае повеќе за Адвентистичката црква. Почнал да ја проучува Библијата во својот дом со еден од верниците на Црквата. Набргу побарал од пасторот да биде крстен.

„Најпрво треба да го предадеш својот живот во Божји раце, бидејќи Тој може да ти помогне да го надминеш својот проблем со алкохолот и цигарите“, му рекол пасторот.

По кратко време Констанцио ги отфрлил тие лоши навики и бил крстен.

Шест месеци подоцна, се вратил на стариот начин на живот. Неговата сопруга била многу лута, иако не била крстена. Го засакала новиот човек, каков што станал.

Го прекорувала зборувајќи му: „Адвентистите не постапуваат така, па не би требало ни ти“.

Му забранила да спие во нивниот заеднички кревет, сè додека не престане да пие и да пуши.

Констанцио бил незадоволен од таквата одлука, па решил уште повеќе да ја проучува Библијата, за да стекне поголемо знаење за

христијанскиот животен стил.

Проучувајќи ја Библијата, застанал на стихот: „Зошто да ги трошите сребрениците за она што не е леб, и својата надница за она што не сити? Послушајте Ме Мене, и ќе јадете добро, и ќе уживате во сочни јадења“ (Исаија 55,2)

Констанцио размислувал: „Зошто трошам пари на она што не е леб, а сепак сум незадоволен?“

Се молел неколку сдмици Бог да му помогне да ја надмине зависноста. Меѓутоа, и додека се молел, тој купувал цигари и алкохол.

Една вечер, се качил по скалите до својот дом пијан. Како и многу други селани, живеел во традиционална дрвена куќа на дрвени столбови. Неговата сопруга, седумгодишниот син и четиригодишната ќерка спиеле.

Неколку минути се вртел во својот кревет и сфатил дека не ги измил нозете пред да си легне, а биле калливи, бидејќи надвор во текот на денот врнело дожд.

Излегол на дрвениот трем пред куќата. Кога се наведнал да ги измие нозете, изгубил рамнотежа и паднал на земјата, удирајќи со главата на земја на само неколку сантиметри од еден голем камен.

Нивното куче почнало да завива. Сопругата и децата излегле на тремот за да видат што се случува со кучето, и го виделе Констанцио на земјата под тремот.

Сопругата ги повикала комшиите да ѝ помогнат.

Набргу многу луѓе се собрале околу Констанцио, бидејќи сфатиле дека паднал од куќниот трем. Сметале дека злите духови го бутнале од тремот.

Одеднаш сите околу почнале да се расправаат, бидејќи некои меѓу нив сметале дека ѓаволот сега е присутен во нивното село. Разговарале за тоа како да го заштитат.

Одлучиле дека Констанцио најпрво треба да биде избањат. Бидејќи немале вода, решиле да уринираат едни на други во рацете и насобраната течност да ја фрлат врз него. Кога завршиле, неколку луѓе му помогнале да се качи до куќата.

Изутрина го повикале да се напие нешто со нив. Масирајќи ја главата од болките што ги чувствувал, изјавил: „Јас повеќе нема да пијам ниту да пушам“.

И навистина, никогаш повеќе не го направил тоа.

„Мојата желба да пијам и да пушам исчезна. Тоа беше одговор на моите молитви“, изјавил во едно интервју во селската адвентистичка црква, во која служи како старешина.

Денес, третина од мештаните се крстени во Адвентистичката црква. На богослужбите во саботите често пати се присутни и по 120 луѓе. Меѓу нив се и сопругата и децата на Констанцио и петмина некогашни алкохоличари, кои се обратиле благодарение на неговото влијание.

„Јас ја изнесувам мојата животна приказна за да им помогнам на другите кои минуваат низ истите искушенија. Многу луѓе во ова село пијат и се срамат да дојдат во црква. Јас тогаш им велам: 'Јас некогаш бев како вас. И вие можете со Божја помош да престанете да пиете'“.

## Во врска со искуството

1. За Констанцио погледнете на линкот: bit.ly/Constacio-Alfonso
2. Пронајдете слики поврзани со оваа приказна на линкот: bit.ly/fb-mq

## Брзи факти

1. По Сејшелските острови, Сао Томе и Принсипе имаат најмал број на жители во Африка.
2. На овие острови најчеста и најопасна болест е маларијата.

Дел од даровите на 13-тата сабота од ова тримесечје ќе бидат употребени да се изгради рехабилитационен центар за одвикнување од дрога и алкохол во Сао Томе.

Ви благодарам што со своите дарови го поддржувате мисионското дело на Христијанската адвентистичка црква.

Од соседите дознав за Христијанската адвентистичка црква кога



# ПРОБЛЕМ ПОРАДИ СВИНСКОТО МЕСО

**Сао Томе и Принсипе, 9 март 2019**

**Гилсон Нето, 29**

имав 17 години. Не бев заинтересиран бидејќи сакав да јадам свинско место, а адвентистите не употребуваат свинско месо.

Во тоа време, некој ме повика да присуствувам на евангелска серија што се одржуваше на другиот крај од Сао Томе, главниот град на островската држава Сао Томе и Принсипе. Одев на предавања секоја вечер и ја оставив мојата адреса за да добијам дополнителни известувања.

По кратко време, еден сосед ми кажа дека неговата црква добила ливче потпишано со моето име, и дека ако сакам дополнителни информации, можам да дојдам со нив во сабота во црква.

Бев изненаден и прашав: „Како тоа ливче со моето име дошло до твојата црква, кога го пополнив и го предадов во спротивниот крај на градот“?

Не појдов со него в црква, бидејќи морав да одам на работа, а работев како градежен работник.

Кога мојот сосед виде дека нема да дојдам во црква, ми предложи заедно да ја проучуваме Библијата секоја вечер. По неколку седмици сепак донесов одлука да го прескокнам работниот ден за да одам во црква.

Во црквата сретнав многу свои комшии, и тие беа воодушевени што ме гледаат.

Меѓутоа, сето ова ми создаде проблеми. Не можев да добијам друга слободна сабота на моето работно место. Сите соседи што ги сретнав в црква, ги интересираше каде одам кога во саботите ќе ме видеа дека сум пошол на работа.

Наредната сабота тргнав на работа, но по подолгиот кружен пат, за да не ме види никој. Меѓутоа, повторно налетав на еден верник од црквата, кој ме праша каде одам.

„Да се истрижам“, реков лажејќи.

Совеста ме мачеше цел ден.

Откако заврши работно време, тргнав по истиот пат накај дома и повторно сретнав некои верници од црквата, кои се враќаа од богослужение.

„Зошто не дојде в црква денес“, ме прашаа.

Им признав дека морав да одам на работа.

Од тој ден, одлучив да престанам да работам во сабота. Набргу го изгубив работното место. Никој во моето семејство не беше адвентист. Моите родители беа лути што останав без работа. Мајка ми готвеше храна која јас не можев да ја јадам. Ставаше свинско месо во сѐ што готвеше, во оризот, супите, дополнителни јадења.

Го сакав свинското месо, но одбивав да го јадам. Многу пати си легнував гладен.

„Зошто одиш во таа црква во која не се јаде свинско месо“, ме прашуваше мајка ми.

„Зошто не одиш во сабота на работа“, ме прашуваше татко ми.

Моите седум браќа, молчејќи ги следеа моите неволји.

Девет месеци подоцна, решив да склучам завет со Бога и се крстив. Пасторот организираше богослужение за новите верници на Црквата. Една жена тогаш изјави дека веднаш ќе се соочиме со духовни предизвици, поради одлуката што сме ја донеле. Тогаш си помислив: „Тоа не може да биде вистина, јас веќе се соочувам со многубројни предизвици“.

Меѓутоа, таа ја зборуваше вистината. Кога ги известив своите родители дека се крстив, тие ме исфрлија од дома. Плачев бидејќи не знаев каде да одам. Наредните два месеци, излегував од дома пред да се разбудат моите родители, а се враќав откако ќе заспијат.

Жената, која беше крстена истиот ден кога се крстев и јас, ми даваше храна. Во текот на денот пешачев. Немаше работа за мене. Плачев и се молев: „Боже, засили ја мојата вера. Помогни ми да најдам работа.

По извесно време се вработив во една тајванска земјоделска компанија во рамките на еден проект. Од заработката, можев да им дадам малку пари и на родителите. Тоа ми помогна нашите односи малку да се подобрат.

И тогаш, Бог направи едно големо чудо. Петмина од моите седум браќа станаа адвентисти. Потоа беа крстени и двајца наши роднини. Вкупно десет членови од моето семејство дојдоа во црквата. Дури и мојот татко неколку пати дојде на богослужение, пред да се шлогира и да остане парализиран.

## Во врска со искуството

1 За Гилсон погледнете го линкот: bit.ly/Gilson-Neto.

2 Слики поврзани со оваа приказна ќе пронајдете на линкот: bit.ly/fb-mq.

Денес работам во едно адвентистичко училише во Сао Томе. Ги поучувам децата како да ги средуваат своите градини и како да одгледуваат зеленчук.

Се оженив. Се вљубив во помладата сестра на жената што ми даваше храна во моите најтешки денови. Добивме ќерка, која сега има една година.

Библиското ветување, кое ме вдахнува да истраам во верата, се наоѓа во псалмот 125,1: „Кој се надева на Господа, тој е како гората Сион: не се помрднува, а останува довека.“

Дел од даровите на 13-тата сабота од ова тримесечје ќе бидат употребени да се изгради сала во едно адвентистичко училиште во Сао Томе. Ви благодарам на даровите со кои ја поддржувате мисијата на Христијанската адвентистичка црква.



# ТАЈНО ПРИЈАТЕЛСТВО

**Сао Томе и Принсипе, 16 март 2019**

**Виталина Мендес Мореира, 57**

Нешто тргнало сосема погрешно, додека Виталина се подготвувала да го роди своето второ дете во Сао Томе. Почнала обилно да крвари, а докторите, додека ја примала трансфузијата, по грешка и дале погрешна крва група. Бебето се родило здраво, но Виталина претрпела тешка инфекција на нозете. За да ѝ го спасат животот, докторите и ги ампутирале двете нозе. Виталина тогаш имала само 19 години.

Девет месеци подоцна, сопругот ја напуштил и отишол да живее

со друга жена.

Полека почнала да тоне во депресија. Размислувала дури и за самоубиство.

А потоа, една стара верничка од Адвентистичката црква почнала да ја посетува Виталина и секоја седмица облеката ѝ ја перела во блиската река. Кога докторот ѝ забранил на оваа стара жена да влегува во студената река од здравствени причини, таа ги викала другите верници од Црквата да ја преземат работата околу перењето.

Виталина била благодарна за помошта, но се чувствувала непријатно.

„Се срамев бидејќи не бев адвентист. Не можев да разберам зошто тие ја перат мојата облека“.

На жените што переле, Виталина им давала само неколку парчиња облека, остатокот го криела во собата. Во текот на две седмици, на нејзините посетители им зборувала дека тоа е сè што има за перење.

Верниците не можеле да поверуваат во такво нешто и ја пребарале нејзината куќа.

Во еден агол од куќата ја нашле извалканата облека и испрале сè.

Виталина се молела Бог да ѝ помогне да преживее. По извесно време, добила една стара машина за шиење, научила да шие и набргу почнала да крои облека.

Нејзината работа напредувала. Во меѓувреме добила уште пет деца со својот сопруг, кој ја посетувал одвреме-навреме. Сопругот набргу потоа умрел.

Една верничка разговарала за Библијата со Виталина, но таа не била заинтересирана. Најмногу од причина што не сакала да ја менува својата исхрана.

Во тоа време, еден адвентистички пастор одржал двонеделна евангелска серија предавања.

„Кога отидов на евангелските предавања, почнав да забележувам прекрасни работи за Бога и за она што Тој направи во мојот живот. Одговори на моите молитви да научам да работа на машината за шиење и да заработувам пари за живот. Ова е една од причините поради кои ги прифатив Евангелието“

Виталина одела на предавањата секоја вечер и набргу донела од-

лука да се крсти. Со желба да го шири своето ново знаење за Бога, им сведочела на сите со кои стапувала во контакт.

„Погледнете ме. Бог работи за мене и ми помага да работам. Бог е прекрасен, треба да Му верувате“, им зборувала на оние што доаѓале во нејзиниот дом.

Со своето живо сведоштво, Виталина привлекла седум луѓе кон Бога, кои тргнале со неа во адвентистичката црква, која се наоѓа на 3 км од нејзиниот дом. Со недели Виталина ги покривала нивните трошоци за превозот со автобус.

Денес овие седуммина се крстени верници на Црквата.

Виталина, исто така, организирала и група за библиско проучување во својот дом. Во меѓувреме, шестмина од таа група биле крстени.

Наскоро 40 луѓе, вклучувајќи ги и нејзините две деца биле крстени благодарение на нејзиното сведочење. Црковните водачи направиле план да отворат црква во нејзиното соседство. И покрај недостигот од пари со кои би купиле земјиште, Црквата ја прифатила понудата на Виталина да се изгради привремена црковна зграда на нејзиниот имот, покрај нејзината куќа.

Дрвената црковна зграда е изградена во септември 2017 година.

„Многу сум среќна што можам да ја гледам црквата пред мојата куќа. Но, најмногу од сè среќна сум што можам да видам многу обратени луѓе“, вели Виталина седејќи на креветот во својата дневна соба.

Таа смета дека тајната на доведување на други луѓе кај Христос, всушност, лежи во тоа што треба да имаме пријателски однос кон сите.

„Тешко може да ги доведете луѓето кај Бога, ако не сте пријателски настроени кон нив. Јас се дружам со нив непосредно, во локалната средина, и сите ги повикувам да дојдат во црква“.

Нејзиниот омилен библиски стих се наоѓа во Евангелието според Матеј, во кој Исус вели: „Но, барајте го првин царството Божјо и Неговата правда, и сè тоа ќе ви се додаде. И така, не грижете се за утрешниот ден, зашто утрешниот ден ќе се грижи за себеси. Доста му е на секој ден неговото зло“ (Матеј 6,33).

„Овој стих ме охрабрува, бидејќи ми кажува дека, ако го ставам

Бога на прво место, ќе ми даде сѐ што ми е потребно. Токму тоа се случи во мојот живот“.

Дел од даровите на 13-тата сабота од ова тримесечје ќе бидат употребени за изградба на црква во Сао Томе, каде верниците во моментов се собираат во подруми и трошни куќи.

Ви благодариме за вашите мисионски дарувања.

## Во врска со искуството

1 За Виталина погледнете на линкот: bit.ly/Vitalina-Moreira

Сликите поврзани со оваа приказна можеат да се најдат на линкот: bit.ly/fb-mq

## Мисионски информации

2 Во оваа островска држава можат да се најдат најмалиот Ибис и најголемата сончева птица, како и неколку видови џиновски бегонии.



# СПАСУВАЊЕ НА АНГОЛА

**Ангола, 23 март 2019**

**Пауло Пинто, 25**

Пауло ја разлутил својата мајка кога ја напуштил својата работа за да им проповеда на пријателите и затворениците. Пауло растел во адвентистичко семејство во Ангола, каде завршил државно училиште. Со парите што ги заработувал ѝ помагал на мајка си и на десеттмината свои браќа и сестри. Како најстаро дете, бил одговорен за своето семејство, бидејќи татко им умрел од тифусна грозница.

Живеел во градот Бенгуела, кој имал 130.000 жители на атлантскиот брег и бил студент на втора година од студиите. Во тоа време бил хоспитализиран и му била дијагностицирана тифусна грозница.

Два месеци лежел во болница со висока температура, која му го разорувала телото. Верниците на локалната црква се молеле за него и ги платиле трошоците за неговото лекување.

„Кога излегов од болница, решив да го променам својот начин на живот“.

Излегувајќи од болницата, тој го напуштил своето работно место – учител во основното училиште и универзитетот на кој студирал.

„Не се вратив во ниедна од овие две установи, бидејќи се плашев дека ќе се вратам на стариот начин на живеење.

Паоло сакал да студира теологија на Универзитетот Солуси во Зимбабве. Бидејќи немал средства да ја плаќа школарината, одлучил своето запишување на овој универзитет да го одложи до наредниот јануари.

Следните седум месеци Пауло ги поминал сведочејќи им на своите пријатели и на затворениците. Со помош на роднините што работеле во полицијата, овозможено му било да оди во затворите и да ги посетува и да им сведочи на затворениците заедно со локалниот адвентистички старешина, кој бил одговорен за мисионската служба во затворите.

Дванаесет души биле крстени само во еден затвор во Бенгуели. Неговото семејство не можело да го сфати и да го поддржи неговиот нов живот. Пауло повеќе немал работа со која би го помагал своето семејство и, како што тие сфатиле, ја напуштил и ветувачката кариера кога го напуштил универзитетот. Мајка му се откажала од него.

Пауло стигнал на Универзитетот Солуси во јануари со малку пари, колку да се прехрани и да си ги плати часовите по англиски јазик. Зборувал само португалски јазик и сакал да научи англиски за да може да студира на универзитетот.

Се молел: „Ако ми помогнеш да ги завршам студиите, ќе работам во службата со полно работно време. Ќе им покажам на оние на кои Христос им е потребен зошто заминав на Солуси“.

Во кампот набргу сфатил дека е потребно уште многу да дознае за Бога. Иако потекнувал од адвентистичко семејство, пораснал во држава која била опустошена од 27-годишната граѓанска војна, во која знаењето за Бога било слабо.

„Ние немавме многу знаење за Бога и за Библијата. Мојата прва средба со Библијата беше на Универзитетот Солуси“.

Тој, исто така, согледал дека

Бог посебно ги сака странците. Странските студенти имаат посебен третман на универзитетот.

„Понекогаш професорите нè посетуваат во нашите соби и се молат заедно со нас и за нас. Понекогаш луѓето, кои воопшто не ги познаваме, бесплатно ни даваат храна“.

Сфатил дека овој универзитет го исполнува Божјиот налог запишан во Библијата: „Кога ќе ја жнеете жетвата на вашата земја, не дожневајте ги докрај вашите ниви, ниту собирајте после вашата жетва. Остави им го тоа на бедните и на придојдениците. Јас Сум Господ, ваш Бог“ (3. Мојсеева 23,22)..

Еден негов роднина од Ангола извесно време ги плаќал неговите трошоци за студирањето. Кога роднината умрел, еден верник од Црквата платил еден семестар. Сега, една Анголка, чиј син дипломирал на тој универзитет ги плаќа неговите трошоци за студирањето.

## Во врска со искуството

1 За Пауло погледнете на линкот: bit.ly/Paulo-Pinto

Сликите во врска со оваа приказна можете да ги најдете на линкот: bit.ly/fb-mq

## Мисионски информации

2 Христијанската адвентистичка црква во Ангола се состои од Североисточна и Југозападна мисија. Во Ангола постојат 3.536 цркви со вкупен број на верници од 448.554.

Ангола има популација од 26 милиони жители, што претставува однос од двајца адвентисти на секој 58 човек.

Во Ангола постојат 3 адвентистички медицински институции:

- Стоматолошка клиника на североисток,
- Бонго мисионерската болница
- Диспанзерот Кикуко на југозапад.

Црквата има адвентистички центар за литература, ДБШ и издавачка куќа.

На Солуси, Пауло воспоставил контакт со други студенти од Ангола, Замбија, Уганда и Филипините. Група студенти од овие држави сака да ги координира своите евангелски напори и да работи во Ангола по дипломирањето. Пауло сака и неговото семејство да ги дознае овие прекрасни вистини за Бога.

Тој изразил желба луѓето да се молат за Ангола, држава од 26 милиони жители и 176.000 адвентисти.

„Ние не се обидуваме да ги обратиме сите“, вели Пауло.

Библијата вели: „И ова Евангелие за Царството ќе биде проповедано по целиот свет, за сведоштво на сите народи, и тогаш ќе дојде свршетокот” (Матеј 24,14).

„Ние треба да го проповедаме Евангелието како сведоштво, за да можат луѓето да го запознаат Исуса, и Тој да може што поскоро да дојде“.

Дел од даровите на 13-тата сабота во 2015 година, бил употребен за проширување на Универзитетот Солуси. Трпезаријата сега може да прими двојно повеќе студенти.

Ви благодариме за мисионските дарувања, кои им овозможуваат на адвентистичките образовни установи како што е оваа, да ги подготват младите луѓе да го објавуваат Христовото скоро доаѓање.

## Програма на 13-тата сабота

| | |
|---|---|
| **Почетна песна** | „Ме води Бог“ - Од Песнарка на христијанската адвентистичка црква, бр. 178 |
| **Добредојде** | Водачот на саботната школа |
| **Молитва** | |
| **Програма** | „Истерување на демони“ |
| **Дар** | |
| **Завршна песна** | „Сигурен сум во Христа“ - Песнарка на христијанската адвентистичка црква, бр. |
| **Завршна молитва** | |



# ИСТЕРУВАЊЕ НА ДЕМОНИ

**Зимбабве, 30 март 2019**

**Пионер на светската мисија**
**Мордекај Мсиманга, 68**

35-годишна мајка дошла кај пионерот на светската мисија со несекојдневен проблем. Секое утро, кога ќе се разбуди, забележува дека е без облека на неа. Таквата состојба посебно ја загрижувала.

„Зошто ова ми се случува", го прашала Мордекај, кој ја водел двонеделната серија евангелски предавања во нејзиниот роден град Нкај во Замбабве.

„Не знам", одговорил, иако имал некоја идеја за овој необичен настан. И порано слушал за слични појави, кои вклучувале зли духови. Знаел што треба да прави.

„Дали го прифаќате Христа? Ако Го прифаќате, можеме да се молиме и Христос ќе ни даде објаснување зошто се будите голи".

Жената го прифатила Христа во својот живот, а Мордекај ги собрал верниците на Црквата на заедничка молитва. Се молеле во наредните три дена. Третиот ден, Мордекај ја прашал жената дали има некаква промена во нејзиниот живот.

„Добро сум во изминатите три дена. Кога ќе се разбудам наутро, мојата облека е на мене".

Оваа жена подоцна била крстена и повеќе никогаш не била мачена од страна на злите духови.

Злите духови честопати се тема на разговор во Зимбабве, африканска држава во која многу луѓе се суеверни и ги почитуваат традиционалните верувања.

Мордекај, пионерот на светската мисија која дејствува во областите во кои нема адвентистичко присуство, повеќе пати имал искуство со духови.

Во моментов, тој работи во јужниот округ Матопо. Неодамна бил повикан да проповеда во црква што ја празнува неделата. Таму му пристапила жена која имала проблем со своето колено и побарала да се моли за неа.

Кога го спомнал Христовото име во молитвата, жената одеднаш паднала на подот. Кога такво нешто ќе се случи, тоа обично значи дека лошиот дух ја напуштил. „Се молев за неа и ѝ помогнав да стане. Денес, оваа жена е верник на Адвентистичката црква.

Не се сите искуства на Мордекај поврзани со демоните. Посебно во сеќавање ми остана еден настан од градот Зезан, во кој служел во 2007 година, една година од времето кога станал пионер на светската мисија. Ги посетувал луѓето во нивните домови, одејќи од врата на врата, поучувајќи ги за библиските вистини, за саботата, за второто Христово доаѓање.

Како резултат на таквите негови активност, сите шеснаесет верници на една црква, вклучувајќи го и пасторот, биле крстени. Тие тогаш ја отвориле првата адвентистичка црква во таа област.

По некое време, Мордекај имал средба со осум зли духови, додека водел една евангелска серија предавања во државното основно училиште во градот Беитбриц, на границата со Зимбабве и ЈАР. Додека прикажувал слика на распнатиот Христос на платно, една жена нагло скокнала на нозе и истрчала од просторијата.

По предавањето, Мордекај ја нашол жената како лежи во училишниот двор. Изгледало како да е мртва. Неколку луѓе ја однеле жената во просторијата и ја спуштиле на подот.

Мордекај собрал десетина верници на црквата околу жената, да се молат и да пеат. Кога го спомнале Христовото име, жената одеднаш се подигнала и заземала седечка положба, почнала да се тресе и повторно паднала на подот. Ваквото нејзино однесување значело дека еден зол дух си отишол. Мордекај сакал да дознае дали жената сега била целосно слободна.

„Дали ќе му се молиш на Христа“, ја прашал.

Жената лежела неподвижно на подот. Тоа било знак дека сѐ уште била опседната.

Верниците на црквата повторно се молеле и отпеале една песна. Кога го слушнала Исусовото име, жената повторно станала и зазе-

ла седечка положба, почнала да се тресе и повторно паднала на подот. Уште еден демон си заминал.

„Дали ќе му се молиш на Христа", повторно ја прашал Мордекај.

Жената лежела неподвижно на подот.

Ова сценарио се повторувало уште неколку пати. Верниците што биле собрани околу жената, се молеле и пееле песни од 9 часот навечер до 3 наутро.

Конечно, по осмиот пат, жената одговорила на повикот на Мордекај дека сака да се моли на Исуса. Станала и со јасен и разумен глас се молела: „Мил Исусе, Ти благодарам што ме ослободи од демоните. Те молам, помогни ми да станам верник на оваа Црква, да бидам доволно силна како и другите верници во оваа просторија".

Оваа жена, сега е верник на адвентистичката црква и служи како ѓакон.

„Бог е секогаш добар", смета Мордекај.

Бог е добар отсекогаш и засекогаш! Ви благодариме што во своите молитви ќе ги имате 193 милиони луѓе кои живеат во 18 држави од оваа дивизија. Ви благодарам што ја поддржувате со своите дарувања на 13-тата сабота и што на тој начин помагате да се прошири Радосната вест дека Исус скоро ќе дојде.

## Идни проекти на 13-тата сабота

Проекти кои ќе бидат приоритетни:

- Проекти кои ќе бидат приоритетни:
- Изградба на црква и здравствен центар во Аруана, во Бразил
- Изградба на црква и здравствен центар во Салвадаор, во Бразил
- Изградба на црква и школа за англиски јазик во Куско во Перу
- Изградба на црква и медицински центар во Пукалпа, во Перу

# Каде одат моите мисионски дарови

Дали некогаш сте почувствувале, кога ги давате своите мисионски дарови, како да ги ставате своите пари во „црна дупка“?

Вие знаете кои држави и проекти ќе добијат дел од даровите на тринаесеттата сабота. Меѓутоа, што се случува со редовните мисионски дарови што ги приложувате секоја седмица? За што ќе бидат употребени?

Можеби ќе бидете изненадени од фактот дека седмичните мисионски дарови им помагаат на повеќе од 1,000 мисионери насекаде во светот. Всушност, 70% од седмичните мисионски дарови им помагаат на мисионерите и на работата на нашата црква во светски рамки. Издвојувањата од Генераната конференција наменети за државите на Блискиот исток, Северната африканска унија и на Израелското мисионско поле, помагаат да се воспостават и да се одржуваат мисионските активности на овие териотрии.

Остатокот од парите помагат на различни институции и агенции кои служат на црквата во целиот свет. На пример, го помагаат мисионското медицинско дело на универзитетот во Лома Линда, даваат поддршка да се шири евангелието преку програмите на адвентистичкото светско радио и на хуманитарните активности на АДРА.

Во изминатите години милиони луѓе од областите на светот кои се соочуваат со предизвици, го запознале спасението во Исуса и дошле во Христијанската адвентистичка црква. Во овие области се основани илјадници нови цркви. Меѓутоа, откако биле крстени, дали овие верници биле и како биле негувани? Дали имаат пристап до материјалите и програмите кои можат да помогнат да ја зајакнат својата нова вера и да им помогнат да растат во своето ученииштво? Дали во тие нови цркви има доволно пастори?

Вашите мисионски дарувања го поддржуваат растот и напредокот на делото во целиот свет.

Ако сакате да добиете дополнителни информации за адвентистичката мисија во светот, одете на AdventistMission.org.

Ви благодарам уште еднаш за молитвите и за финансиската поддршка околу проектите на адвентистичката мисија. Вие сте тие кои придонесувате и правите разлика во животот на милиони души насекаде во светот.

**Гери Крауз**

# Извор на информации за читателите

За повеќе информации за различното културно наследство на Ангола, Боцвана, Мозамбик, Сао Томе и Принципе, Замбија, Зимбабве и Јужноафриканската индискоокеанска дивизија (JAIOD), ве молиме обратете се до својата локална библиотека, туристичка агенција или амбасада на посакуваната земја. Впишете го името на земјата во вашиот интернет пребарувач.

Мисионското списание и на социјалната мрежа Фејсбук. Читајте, коментирајте, споделувајте, ставете „ми се допаѓа“ на нашите искуства на www.facebook.com/mission-quartelies.

Ангола: veb-sajt vlade bit.ly/GovAng
Lonely Planet bit.ly/LPAngola
Боцвана: veb-sajt vlade gov.bw
Wikitravel bit.ly/WikiAng
Мозамбик: veb-sajt vlade bit.ly/GovMoz
Lonely Planet bit.ly/LPMoz
Сао Томе и Принципе: веб-сајт на владата bit.ly/GovSTP
Fodors bit.ly/FodorSTP
Замбија: veb-sajt vlade bit.ly/ZamGov
Condé Naste bit.ly/CNZambia
Зимбабве: veb-sajt vlade zim.gov.zw
World Travel Guide bit.ly/ZimWTG

Адвентисти на седмиот ден
Јужноафриканска индискоокеанска дивизија:
www.sidadventist.org
Боцванската унија на области: bu.adventist.org
Севернозамбиската унија на области: nzu.adventist.org
Јужната замбиска унија на области: szu.adventist.org
Унија на области во Зимбабве: zuc.adventist.org

## Средство за остварување на целта

Ќе помогне вниманието да се фокусира на светската мисија и да се зголеми седмичното мисионско дарување. Сосредоточете го своето внимание на светската мисија и зголемете ги седмичните мисионски дарувања.

Побарајте од вашиот Одбор на саботната школа да ја постави целта за вашите мисионски дарувања. (Поставете повисока цел од онаа што била за минатото тримесечје, поделете ја сумата на 14 делови – (12 редовни тримесечни делови и два дела за тринаесеттата сабота). Покажете го неделниот графикон на напредок кон поставената тримесечна цел.

Потсетете ги верниците исто така дека активностите на светската црква зависат од седмичните мисионски дарови на саботната школа. Дванаесеттата сабота поднесете извештај за мисионскиот дар собран во текот на тримесечјето и потсетете ги членовите на саботната школа да ги приготват своите дарови на тринаесеттата сабота за наредната седмица. Оваа информација за собраните средства мнозина ќе ги охрабрат да продолжат да ги приложуваат своите мисионски дарувања.

ГРАДИВО 1/2019
**Вести од светот**

Излегува тримесечно

**Издава:**
Управниот одбор на
Христијанската
адвентистичка црква
во Р. Македонија

**Превод и
техничка обработка:**
Мелита Томовска

**Коригирал:**
Томе Трајков

**Одговара:**
Томе Трајков

**ЗА ИНТЕРНА УПОТРЕБА**